РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-527/2

19-04-2022 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 65- та седница одржана на ден 15.04.2022 година ја донесе следната

**О д л у к а**

Постапката по предметот број 12-3732/1 од 30.07.2019 година, оформен по пријава со наводи против одлука донесена од на Управниот одбор на ЈЗУ „Здравствен дом" Кратово., **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување по предметот од причина што инцијативата покрената од страна на ДКСК е земена во предвид и од страна на органот кој е надлежен да постапува било донесено Решение за разрешување на пријавеното лице од вршител на должноста директор, со што е постигната целта на постапувањето на ДКСК по овој предмет.

Предметот со број 12-3732/1 од 30.07.2019 година да се затвори и архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на 30.07.2019 година доставена е пријава која е заведена под број 12-3732/1 од 30.07.2019 година, по која е оформен предмет со наводи против Одлука број --------- од 22.07.2019 година донесена од страна на Управниот одбор на ЈЗУ „Здравствен дом" Кратово. Станува збор, за одлука донесена при избор на кандидати во постапка за упатување на здравствени работници на специјализација по Офталмологија за 2019 година спроведена во ЈЗУ „Здравствен дом" Кратово, во врска со јавен оглас, објавен на ден 02 јули 2019 година од Медицински факултет при УКИМ Скопје, за пријавување на кандидати за запишување односно одобрување на специјализација и супспецијализација на здравствени работници со високо образование за 2019 година.

Постапувајќи по оформениот предмет, од утврдената фактичка состојба за случајот, ДКСК на седницата одржана на ден 15.11.2019 година донесе заклучок до Владата на РСМ и до Министерот за здравство, да поднесе Иницијатива за поведување постапка за утврдување на одговорност на службеното лице ---------- ------------, Претседател на Управниот одбор на ЈЗУ „Здравствен дом" Кратово, поради тоа што не постапило согласно со одредбите на член 141 и член 149 од Законот за здравствена заштита во постапка за избор на кандидати за упатување на здравствени работници на специјализација по Офталмологија за 2019 година спроведена во ЈЗУ „Здравствен дом" Кратово, во врска со јавен оглас, објавен на ден 02 јули 2019 година од Медицински факултет при УКИМ Скопје, за пријавување на кандидати за запишување односно

одобрување на специјализација и супспецијализација на здравствени работници со високо образование за 2019 година, а со тоа не постапило и согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

По однос на покренатите иницијативи, доставено е известување од Владата на РСМ со кое се известува дека на седница на Влада на РСМ од 03.12.2019 година донесено е Решение за разрешување на пријавеното лице од должноста член на УО ЈЗУ „Здравствен дом“ во Кратово.

Врз основа на сето погоре наведено, ДКСК утврди дека по однос на предметниот случај постапено е по иницијативата на ДКСК и истата е земена во предвид од страна на друг надлежен орган, Владата на РСМ, која на седница одржана на 03.12.2019 година донела Решение за разрешување на пријавеното лице од должноста член на УО ЈЗУ „Здравствен дом“ во Кратово, по што оцени дека нема елементи за натамошно постапување по предметот и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Нури Бајрами**

Доставено до:
- Подносителот на пријавата

Изработил: Ј.Ц,
Одобрил : Б.И.